Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, ноември 2020 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), министерот за финансии, донесува

П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација
на работните места во Министерството за финансии

Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-7191/2 од 24.04.2015 година, број 01-7191/5 од 13.05.2015 година, број 01-7191/7 од 11.06.2015 година, број 01-7191/8 од 18.06.2015 година, број 01-7191/9 од 24.06.2015 година, број 01-7191/12 од 16.07.2015 година, број 01-7191/14 од 23.09.2015 година, број 01-7191/16 од 20.10.2015 година, број 01-7191/18 од 23.11.2015 година, број 01-496/1 од 13.01.2016 година, број 01-496/4 од 04.08.2016 година, број 01-496/6 од 29.08.2016 година, број 01-7726/1 од 03.08.2017 година, број 01-6174/1 од 21.05.2018 година, број 01-6174/2 од 20.06.2018 година, број 01-6174/5 од 05.12.2018 година, број 01-10930/2 од 12.12.2019 година, број 01-10930/3 од 30.12.2019 година, број 01-4131/1 од 20.05.2020 година, број 01-4131/4 од 17.09.2020 година и број 01-4131/7 од 06.11.2020 година и тоа:

Член 2

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во делот на Државни советници, во работното место со „реден број 8, со шифра УПР0101Б01000, со звање Државен советник и назив на работно место Државен советник за прашања од буџетското работење", во делот Број на извршители бројот „1" се заменува со бројот „2".

Член 3

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 1.Сектор за буџети и фондови, во потточка 1.1.Одделение за Буџет и буџетска политика, во работното место под „реден број 21, со шифра УПР0101В01000, со звање Советник и назив на работно место Советник за изготвување на Буџет и буџетска политика", во делот Број на извршители бројот „9" се заменува со бројот „8".

Член 4

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 5.Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во работното место под „реден број 145, со шифра УПР0101Б03000, со звање Помошник раководител на сектор, со назив на работно место Помошник раководител на сектор за централно финансирање и склучување на договори", во делот Број на извршители бројот „2" се заменува со бројот „3".

Член 5

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 5.Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во потточка 5.3 Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори, во работното место под „реден број 164, со шифра УПР0101В01000, со звање Советник и назив на работно место Советник за децентрализирано спроведување на проекти финансирани од ИПА за договори за услуги, набавки, грантови, твининг", во делот Број на извршители бројот „5" се заменува со бројот „4".

Член 6

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 5.Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во потточка 5.3 Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори, работното место под „реден број 169, со шифра УПР0101В02000, со звање Виш соработник и назив на работно место Виш соработник за децентрализирано спроведување на проекти финансирани од ИПА за договори за услуги, набавки со договори за градежни работи", се брише.

Член 7

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 5.Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во потточка 5.4 Одделение за следење на програми, по работното место под „реден број 176, со шифра УПР0101В02000, со звање Виш соработник и назив на работно место Виш соработник за следење на имплементацијата на проекти, договори за услуги, набавки поврзани со договорите за градежни работи", се додава ново работно место под „реден број 176-а, со шифра УПР0101В03000, со звање Соработник и назив на работно место Соработник за следење на имплементацијата на проекти, договори за услуги, набавки поврзани со договорите за градежни работи", кое гласи:

| 5.Сектор за централно финансирање и склучување на договори | |
|---|---|
| 5.4 Одделение за следење на програми | |
| Реден број | 176-а |
| Шифра | УПР0101В03000 |
| Ниво | В3 |
| Звање | Соработник |
| Назив на работно место | Соработник за следење на имплементацијата на проекти, договори за услуги, набавки поврзани со договорите за градежни работи |
| Број на извршители | 1 |

| | |
|---|---|
| Одговара пред | Раководителот на одделение |
| Вид на образование | градежништво и водостопанство |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | учествува во следење на имплементацијата на проекти, договори за услуги/набавки поврзани со договорите за градежни работи финансирани од ИПА фондовите |
| Работни задачи и обврски | – учествува во вршење на работите од делокругот на Одделението што се однесуваат на административна проверка на Обрасците за идентификување на операции подготвени од страна на ИПА;<br>– учествува во спроведување на проценка на ризикот согласно методологијата на Прирачникот за внатрешни постапки на ЦФЦД и нацрт Планот за следење на проекти;<br>– учествува во следење на имплементацијата на проектите/договори за услуги/набавки поврзани со договорите за градежни работи;<br>– учествува во следење на проектите со секундарни јавни набаки на грант корисниците и обезбедува почитување на ЕУ правилата при спроведувањето на активностите;<br>– учествува во советување на СПО/ ИПА координаторите во однос на прашањата поврзани со имплементација на договори за градежни работи и договори за услуги/набавки поврзани со договорите за градежни работи и јавни набавки;<br>– учествува во прегледување на извештаите за напредок на изведувачите/ грант корисниците;<br>– учествува на проверки на лице место за договори за градежни работи и договори за услуги/набавки поврзани со договорите за градежни работи и ги подготвува извештаите за следење на проекти;<br>– учествува во проверката на барањето за измена на договорот за градежни работи и договори за услуги/набавки поврзани со договорите за градежни работи и го советува вработениот во Одделението за ЕУ јавни набавки и склучување на договори за оправданоста на барањето, доколку е потребно;<br>– учествува во ажурирање на базата на податоци за проекти за договори за градежни работи и договори за услуги/набавки поврзани со договорите за градежни работи ; |

| | |
|---|---|
| | – учествува во доставување на соодветни, навремени и точни информации во однос на спроведувањето на договори за градежни работи и договори за услуги/набавки поврзани со договорите за градежни работи до РОС/ ПАО;<br>– безбедно и правилно чување на сите документи поврзани со следење на договори за градежни работи и договори за услуги/набавки поврзани со договорите за градежни работи;<br>– известување за нерегуларности со пополнување на стандардниот извештај за нерегуларности;<br>– учествува во организирање на работата на Секторскиот комитет за следење на имплементацијата на програмите финансирани од Европската Унија;<br>– учествува во проверката на извештаите за реализација на договори за градежни работи и договори за услуги/набавки поврзани со договорите за градежни работи од линиските министерства;<br>– учествува во проверката на полугодишните и годишните извештаи за следење на програмите пред доставување до секторските комитети за следење;<br>– одговорен е за следење на Прирачникот за внатрешни постапки за следење и оценување на програми;<br>– го храни со податоци Информативниот систем за следење наменет за спроведувањето, следењето и оценувањето на програми/проекти кои се надлежност на ЦФЦД. |

Член 8

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 12. Сектор за правни работи, во потточка 12.5. Одделение за следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии, во работното место под „реден број 352, со шифра УПР0401Б04001, со звање работник и назив на работно место КВ работник за одржување на опремата“, во делот Број на извршители бројот „2“ се заменува со бројот „3“.

Член 9

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 12. Сектор за правни работи, во потточка 12.4.Одделение за општи работи, во работното место под „реден број 344, со шифра УПР0403А03001, со звање работник и назив на работно место Возач“, во делот Број на извршители бројот „6“ се заменува со бројот „5“.

Член 10

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка 13. Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика, во работното место под „реден број 354, со шифра УПР0101Б02000, со звање Раководител на сектор и назив на работно место Раководител на Сектор за јавни приходи и даночна и царинска политика", во делот Вид на образование по зборот „менаџмент" се додаваат зборовите „или правни науки".

Член 11

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01- 4131/10
26-11-2020 година
СКОПЈЕ

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup

Изработил: Александра Лулкоска
Проверил: Верица Стоилова
Согласен: Татјана Васева
Проверил: м-р Татјана Трајковска
Тања Танеска Лазаревска
Ана Арсовска
Ќефсер Демири